***Потпрограма J70-Одржување и користење на паркови и зеленило***

Заклучно со 31.12.2019 година од планираните **1.000.000,оо денари** за оваа потпрограма реализирани се **956.808,оо денари** . Овие средства се потрошени за одржување на зелените површини во градот.

.

***Потпрограма J80-Други комунални услули***

Од планираните **1.000.000,оо денари** оваа потпрограма заклучно со 31.12.2019 година има реализација од **679.186,оо денари**.Овие средства се потрошени за

- **Дезинфекција, дезинсекција и дератизација – 221.408,00 ден**.
- **Уништување на штетни животни – 328.658,00 ден.**
- **Изнајмување на друга опрема и опрема за специјална намена – 129.120,00 ден.**

***Потпрограма ЈА0-Изградба и реконструкција за јавно осветлување***

Од планираните **2.000.000,оо денари** оваа потпрограма заклучно со 31.12.2019 година има реализација од **1.783.952,оо денари**.Овие средства се потрошени за:

- **Реконструкција на капцитети во енергетиката** потрошени се **1.383.952,оо денари** за одржување (замена на сијалици, кабли, пригушници, тегла и сл) на јавното осветлување во градот.
- **Изградба на капацитети во енергетиката – 400.000,00 ден.**
-

***Потпрограма ЈД0 – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици***

Од планираните **47.700.000,оо денари** оваа потпрограма заклучно со 31.12.2019 година има реализација од **15.097.545,оо денари**.Овие средства се потрошени за:

- **Изградба на улици,патишта и автопат**, потрошени се **716.588,00 денари**.
- **Реконструкција на уллици, патишта и автопати – 14.374.654,00 ден.**
- **Надзор над изградба – 6.303,00 ден.**

***Потпрограма ЈГ0 – Изградба на системи за водоснабдување***

Оваа потпрограма од планираните ***4.141.000,оо денари*** заклучно со **31.12.2019 година** има реализација од **5.337.722,00 ден**. Средствата од износ ***4.080.927,оо денари*** се потрошени за исплата на кредит. По истекот на грејс период од три години, претходно земениот кредит веќе довтаса за исплата, и истиот отпочна да се исплаќа ВО 2018 год. по основ на отплата на главнина за кредит и камата на кредит во вкупен износ од **2.832.740,00 ден** вкупна рата, додека на средината на годината е прекинат договорот за проектот МСИП/54, доставен е нов амортизационене план од министерството за финансии, според кој ратата за отплата на кредит во следните 9 год ке изнесува **1.274.939,00 ден.**

***Потпрограма ЈИ0 –Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води***

Од планираните **3.512.000,оо денари** оваа потпрограма заклучно со 31.12.2019 година има реализација од **2.603.115,оо денари** .Овие средства се потрошени за изградба и реконструкција на други објекти // надзор на изградба//.

.

***Потпрограма ЈН0 – Урбана опрема ( Капитални расходи)***

Од планираните **500.000,оо денари** оваа потпрограма заклучно со 31.12.2019 година има реализација од **807,оо денари** .

***Потпрограма К40– Културни манифестации и творештво***

Од планираните средства со **Буџетот за 2019 година** во износ од **1.700.000,оо денари**, оваа потпрограма заклучно со **31.12.2019 година** има реализација од **1.385.360,оо денари** . Овие средства се исплатени за:

- **Патување во земјата (сместување)** потрошени се **9.230,оо денари.** Овие стредства се потрошени за сместување на гости при организирање на културни настани.
- **Транспорт на луѓе** реализирани се **10.000,оо денари.**
- **Услуги за копирање печатење и издавање** потрошени се **4.800,оо денари,**
- **Други договорни услуги** потрошени се **1.049.004,оо денари**,
- **Расходи за репрезентација** потрошени се **108.760,оо денари** и
- **Други оперативни расходи** потрошени се **119.278,оо денари.**
- **Други трансфери – 84.288,00 ден.**

***Потпрограма Л00 – Спорт и рекреација***

Од планираните **2.080.000,оо денари** оваа потпрограма заклучно со 31.12.2019 година има реализација од **1.969.200,оо денари.** Овие средства се исплатени на спортските здруженија и клубови на ниво на Општина Неготино.

Овие средства се исплатени согласно одлуките на Советот на Општина Неготино за 2019 година.

***Потпрогрма Н20-Средно образование***

Од планираните средства со **Буџетот за 2019 година** во износ од **340.000,оо денари**, оваа потпрограма заклучно со **31.12.2019 година** има реализација од **149.995.оо,оо денари.**Овие средства од Буџетот на Општината се исплатени по основ на решенија за

доделување на парични награди како подршка на талентирани ученици за освоени прво,второ и трето место на соодветни државни натпревари по одредени предмети од СОУ СВ. Кирил и Методиј.

***Потпрограма Н1 – основно образование***

Во оваа потпрограма во буџетот на Општина Неготино се планирани **260.000,00 ден**, а исплатени се **220.843,00 ден**. Овие средства од Буџетот на Општината се исплатени по основ на решенија за доделување на парични награди како подршка на талентирани ученици за освоени прво,второ и трето место на соодветни државни натпревари по одредени предмети од основните училишта.

***Потпрограма Р10 – Заштита на животна средина***

Оваа потпрограма од планираните ***400.000,оо денари*** заклучно со **31.12.2019 година** има реализација од ***10.000,оо денари*** **.** Овие средства се потрошени за пошумување на делови од градот.

***Потпрограма Т1-Унапредување на здравствена заштита***

Оваа потпрограма од планираните ***2.961.000,оо денари*** заклучно со **31.12.2019 година** има реализација од ***1.653.121,оо денари*** **.** Овие средства се потрошени за:

- **Привремени вработувања** потрошени се **951.807,оо денари.**
  Се однесува исплата на плати на вработени во Игралните во руралните средини.

- **Дневно и привремено згрижување – 20.860,00 ден. –** Овие средства се исплаќаат врз основ на претходно доставена документација од детска градинка Фемо Кулаков за исплата на месечна членарина за деца од социјално ранливи категории.
- **Други договорни услуги –** исплатени средства на износ од **146.219,00 ден**. за плаќање на патни трошоци за лицата ангажирани како асистенти по руралните средини..
- **Други трансфери – 28.680,00 ден**.
- **Еднократна парична помош и помош во натура - 505.555,00 ден.**
-

***Потпрограма ВА0 – Капитални расходи за детски градинки***

Оваа потпрограма од планираните ***950.000,оо денари*** заклучно со **31.12.2019 година** има реализација од ***894.943,оо денари*** **.**

***Потпрограма Ђ0-Противпожарна заштита***

Од планираните средства со **Буџетот за 2019 година** во износ од **1.350.000,оо денари**, оваа потпрограма заклучно со **31.12.2019 година** има реализација од **1.225.221,оо денари.** Овие средства се потрошени се:

- **Регистрација на моторни возила** потрошени се **7.416,00 денари,**
- **Поправки и сервисирање на возила** потрошени се **100.450,оо денари,,**
- **Привремени вработувања** потрошени се **1.037.355,оо ден.**
- **Горива и масла – 80.000,00 ден.**

# .Донации

Во **Консолидирата Завршна сметка на Буџетот** на општина Неготино за **2019 година** составен дел се и **Донациите** како посебна категорија за финансирање на одредени проекти. Планирани средства во износ од 47.614.007,00 ден. Реализирани се средства во износ од **12.245.451,оо денари** .

## ***Потпрограма Г10-Поддршка на локален економски развој***

Од планираните средства со **Буџетот за 2019 година** во износ од **35.666.000,оо денари**, оваа потпрограма заклучно со **31.12.2019 година** има реализација од **4.318.076,оо денари.** Овие средства се потрошени за проектите :

**. 1.Проект *,,Енергетска ефикасност во прекуграничната област како индикативен фактор на политиката за животната средина ,,со Акроним,, ЕНПОЛ-ЕЕ".на износ од 18.737.000,00 ден..***

На 25.05.2018 потпишан е Договор за грант во износ од 315.979 евра или 19.432.708.50мкд.Од нив 85% ЕУ, и 15% национално кофинансирање кое се обезбедува од општина Неготино и се враќа од Министерство за локална самоуправа по завршување на проектот и одобрување на финалниот извештај . Општина Неготино исто така планира и средства за обезбедување на времено претфинансирање во износ од 3000.000,00. Проектот се спроведува во планирано времетраење од наредните 22 месеци.Водечки корисник (ВК) е општина Пела-Грција.Општина Неготино е Корисник 2(К2) за Република Македонија. Корисник 3(К3) на проектот е,,Корпорација за јавен интерес за култура и развој на општина Пела,, Грција, а Корисник 4(К4) е СОУ,,Свети Кирил и Методиј,,Неготино,Република Македонија.

За општина Неготино или Корисник 2-Проектот генерално опфаќа 4 работни пакети(РП) од кои:Работен пакет 1(РП1); Проектен менаџмент и координација преку: Проектни работни средби во Пела и во Неготино,Работен пакет 2(РП2) Комуникација и дисеминација,преку:Комуникациски пакет,Информативни материјали,Завршни јавни настани, Работен пакет 3(РП3)Енергетска Ефикасност-Интервенции во згради и јавни отворени површини .

***<u>2.. Проектот ,,Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина”со Акроним ,,wa-mbrella”.на износ од 16.929.000,00 ден.</u>***

На 02.04.2018 потпишан е Договор за грант во износ од од вкупно 286.140,50 евра или **17.597.640,75 мкд** .Од нив 85% ЕУ, и 15% национално кофинансирање кое се обезбедува од општина Неготино и се враќа од Министерство за локална самоуправа по завршување на проектот и одобрување на финалниот извештај . Општина Неготино исто така планира и средства за обезбедување на времено претфинансирање во износ од 3.000.000,00. Проектот се спроведува во планирано времетраење од наредните 22 месеци.Водечки корисник(ВК) на проектот "Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина” со Акроним ,,wa-mbrella”е општина Алмопиа, Република Грција.Општина Неготино е Корисник 2(К2) за Република Македонија. Корисник 3( К3) на проектот е Општинското Претпријатие за водовод и канализација на Алмопиа Република Грција, а Корисник 4(К4) е ЈП,,Комуналец,,Неготино, Република Македонија..За општина Неготино или Корисник 2-Проектот генерално опфаќа 5 работни пакети(РП) од кои Работен пакет 1(РП1) опфаќа подготвителни активности за техничка документација подготвена за проектот( за основен проект, ревизја и елаборати,Проектен менаџмент и координација преку Проектни работни средби во Аридеа и во Неготино.Работен пакет 2(РП2)Комуникација и дисеминација,преку:Комуникациски пакет,информативни материјали,завршни јавни настани, Работен пакет 3(РП3)Системи за наводнување-кои опфаќаат два инфо настани за земјоделците во Неготино и 2 инфо денови за најдобрите практики во областа на наводнувањето во општина Аридеа.Работен пакет 4(РП4) Канализациони системи:изградба на ГЛАВЕН КОЛЕКТОР ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА СЕЛОТО ТИМЈАНИК ВО СИСТЕМОТ ЗА ОТПАДНИ ВОДИ НА НЕГОТИНО( во должина од околу 2000м).

***<u>3. Н2 програма 836.000,00 ден. и програма НБО- ( капитални расходи) – 4.502.000,00 ден. Донација за СОУ СВ. Кирил и Методиј на износ од .Активности за енергетска ефикасност во училиштето преку на вкупен износ од 5.338.000 ден. , а реализирани средства на износ од 4.426.570,00 ден. за :</u>***

- .Инсталација за санитарна топла вода спортска сала и лаборатории по хемија во СОУ„Св. Кирил и Методиј“ – општина Неготино

1.1. Поставување на панелни сончеви колектори -5

1.2. Поставување на цевовод со автоматика-3

1.3. Поставување на пумпи-3

1.4. Поставување на бојлер-резервоар-5

- Замена на прозорци во СОУ,,Св.Кирил и Методиј,**,-**околу 95 броја со различни димензии.

Работен пакет 4(РП4) преку 1.Организирање на округли маси за политиките на животната средина во Пела 2.Натпревари меѓу учениците од училиштето Св Кирил и Методиј-Организирање на натпревар во соларно готвење на јавна површина. 3.Организирање на инфо денови за учениците на темите :1,,Важноста за заштитата на средината,,2.Промоција на ,,енергетски ефикасно училиште,, на денот кога ќе започнат интервенциите со ЕЕ и 3.Користење на обновливи извори на енергија и нивната можност,, Буџетот за **СОУ,,Св.Кирил и Методиј,,** е на износ од 86.740,50 Евра или 5.334.540,75мкд. За партнер 4 СОУ,,Свети Кирил и Методиј,,86.740,50 Евра или 5.334.540,75мкд од кои 85% ЕУ, и 15% национално кофинансирање

***Потпрограма Г20 – Поттикнување на развојот на туризмот***

За **2019 година** планирани средства во износ од 4.679.482,00 ден. Реализирани се средства во износ од **2.771.079,оо денари** .

Средства исплатени за проектот Вински апи и еко туризам, средства кои што се исплатени за печатење и издавање на флаери за поголема информираност на граѓаните, купување на инфо тач, купување на тенди за организирање на различни манифестации во Општина Неготино, Обезбедување на контејнери, клупи, канти на ниво на општината. Поставување на патокази и информативни табли.

# Блок дотации

Составен дел на **Завршната сметка на Буџетот** на општина Неготино за **2019 година** се и **Блок дотациите.** Од овие средства се финансираат **платите на буџетските единки** и **тековните трошоци** (вода, струја, телефон, греење и сл.).Блок дотациите по корисници се искажани во следната табела:

| Потпрограма | Опис | Планирано | Реализирано |
|---|---|---|---|
| **К1** | Библиотека Страшо Пинџур | 3.113.000,00 | 3.007.118,00 |
| **К3** | Музеј на град Неготино | 3.498.000,00 | 3.126.926,00 |
| **В1** | Детска градинка Фемо Кулаков | 25.200.000,00 | 24.867.779,00 |
| **Н1** | Основни училишта | 105.686.000,00 | 93.158.967,00 |
| **Н2** | СОУ св.Кирил и Методиј | 50.582.000,00 | 47.853.791,00 |
| ** Њ0** | Противпожарна заштита | 4.410.000,00 | 4.408.839,00 |
| | **ВКУПНО** | **192.489.000,00** | **176.444.420,00** |

# Самофинансирачки активности

Составен дел на **Завршната сметка на Буџетот** на општина Неготино за **2019 година** се и **Самофинансирачките активности**-средства кои што буџетските корисници ги остваруваат во текот на нивното работење. Средствата од самофинансирачки активности буџетските корисници ги користат за покривање на дел од тековните трошоци и одржување на објектите. Средствата по корисници се

искажани во следната табела:

| Потпрограма | Опис | Планирано | Реализирано |
|---|---|---|---|
| **К1** | Библиотекарство | 200.000,00 | 155.971,00 |
| **В1** | Детска градинка Фемо Кулаков | 12.500.000,00 | 10.724.140.00 |
| **Н1** | Основни училишта | 2.590.000,00 | 432.659,00 |
| **Н2** | СОУ св.Кирил и Методиј | 1.010.000,00 | 855.899,00 |
| | **ВКУПНО** | **16.300.000,00** | **12.169.364,00** |

Градоначалник

Тони Делков

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Правилник за**

**постапката и критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјишта и утврдување просечни цени на градежно и земјоделско земјиште**

Се објавува **Правилник запостапката и критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјишта и утврдување просечни цени на градежно и земјоделско земјиште** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 11.03.2020 година**.**

Бр.09-213/5
12.03.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002 година), а во согласност со Уредбата за определување на реонизација на зони на градовите и населените места во РМ бр.19-2164/1 од 02.6.2005 год., членот 5 став 4 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016 ) и членовите 1, 2 и 16, став 2 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на Република Македонија” број54/2012 ) и членот 1 од Методологијата за изменување на Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на Република Македонија” бр. 17/2013 ),

Советот на општина Неготино на седницата одржана на 11.03.2020 година донесе:

# П Р А В И Л Н И К

**ЗА ПОСТАПКАТА И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА ЗЕМЈИШТА И утврдување просечни цени на градежно и земјоделско земјиште**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјишта во кои спаѓаат: градежното земјиште, земјоделското земјиште, шумите и пасиштата на кои ќе се пресметува данок на имот, данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот (Сл.весници на РМ **61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 54/2012, 17/2013**) донесена од Владата на РМ.

Член 2

При утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште се зема во предвид местоположбата(микро и макролокација), планираното односно утврдено право на градење и степенот на уреденост.

За земјоделското земјиште се зема во преддвид видот на земјоделското земјиште, земјоделската култура и класа.

Со оваа одлука се утврдуват просечните цени на градежното и земјоделското земјиште за подрачјето на општина Неготино за 2020 година, а врз основа на просечната цена на извршените купопродажби во 2019 година. Истата е во согласност со Одлуката за определување пазарни зони и пресметковни бодови за утврдување на пазарната вредност на згради и други градежни објекти кои се изградени на подрачјето на општина Неготино и разграничувањето по групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште.

За земјоделското земјиште, како и за градежното земјиште за кое по групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште нема извршени купопродажби во текот на 2019 г. ниту на подрачјето на општина Неготино ниту на подрачјето на соседните општини, просечната цена е определена врз основа на постигнатите просечни цени во претходните години и таа соодветсвува на реалната пазарна вредност на соодветното земјиште.

Член 3

Општина Неготино е поделена на следните зони, по пресметана просечна цена:

ПРВА ЗОНА _Најцентралниот дел од градот кој се наоѓа во пресекот на улиците А.А.Илов,,, Јане Сандански,, Маршал Тито,, до ,,Душан Јуруков,, - ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВА 13-ТА ЗОНА ОД ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ОД МЕТОДОЛОГИЈАТА. ........13.369.оо денари

ВТОРА ЗОНА _ централното подрачје на градот од училиштето ,, Страшо Пинџур,, па преку ул.,, Даме Груев,, ја сече ул.,, Ленинова,, се до детската градинка ,, Мајски цвет,, и преку ул.,, Ило Виларов,, оди до спојот со ул.,, Ацо Аџи Илов,, се спушта по истата го сече колекторот и преку кракот на ул.,, Ќиро Крстев,, ја следи целата улица, ја сечи ул,, Фемо Кулаков,,, продолжува по ул.,, Ќиро Крстев,, се до ул.,, Мирче Ацев,,.Продолжува низ ул.,, Мирче Ацев,, се до градскиот стадион.Излегува на ул.,, Маршал Тито,, се до пешачката улица што ги спојува улиците ,, Маршал Тито,, и ,, Питу Гули,,.Ја прати ул.,, Питу Гули,, се до пресекот на ул.,, Гоце Делчев,,, продолжува до ул.,, Димче Мирчев,, се до ул.,, Душан Јуруков,,, потоа продолжува до ул.,, Манчо Малиминов,, па преку кракот на ул.,, Никола Петров,, доаѓа до ул.,, Маршал Тито,, Ја следи ул.,, Маршал Тито,, и се спушта преку нејзиниот крак до црквата ,, Св.Атанасие Во оваа зона влегува и градежното земјиште и градежните објекти кои се во непосредна близина на ул.,, Индустриска,, во Неготино како и во непосредна близина на клучката на автопатот Скопје _ Неготино кај Неготино.

- ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВА 15-ТА ЗОНА ОД ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ОД МЕТОДОЛОГИЈАТА...2.400,оо денари

ТРЕТА ЗОНА _ останатиот дел од станбената зона во градот,како и градежното земјиште кое е во непосредна близина на ул.,, Индустриска,, во Неготино како и во непосредна близина на клучката на автопатот Скопје _ Неготино кај Неготино. Во оваа зона влегуваат и лозја ниви пасишта и шуми кои граничат со локални регионални и магистрални патишта или пак граничат со градежно земјиште или пак граничат со реката вардар и се од КО Неготино. Во оваа зона влегуваат градежните парцели кои граничат со локалниот пат Неготино – Курија заклучно движејќи се од Неготино до градежна парцела 2420 КО Неготино - ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВА 17-ТА ЗОНА ОД ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ОД МЕТОДОЛОГИЈАТА....... 1.002,оо денари

ЧЕТВРТА ЗОНА _ градежно земјиште во Тимјаник, Пепелиште, Криволак, Д.Дисан Тремник, Курија, Црвени брегови, Горни Дисан, Вешје,Џидимирци,Брусник, Калањево, Пештерница, Шеоба и Липа . Во оваа зона влегуваат и лозја ниви пасишта и шуми кои граничат со локални регионални и магистрални патишта или пак граничат со градежно земјиште или пак граничат со реката вардар и се од селските катастарски општини. Во оваа зона влегуваат градежните парцели кои граничат со локалниот пат Неготино – Курија заклучно движејќи се после од градежна парцела 2420 КО Неготино кон село Курија - ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВА 18-ТА ЗОНА ОД ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ОД МЕТОДОЛОГИЈАТА...... 179,оо денари

.

Член 4

По однос на земјоделското земјиште катастарските општини на подрачјето на општина Неготино се поделение во 4 групи.Параметри за утврдувањето на пазарната вредност на земјоделските земјишта се класата и културата на истите.

ПРВА ГРУПА

| КО | КЛАСА | Вредност по метар квадратен | |
|---|---|---|---|
| | | ниви | лозја(овоштарник) |
| НЕГОТИНО<br>ДУБРОВО<br>ТИМЈАНИК<br>ПЕПЕЛИШТЕ<br>КРИВОЛАК<br>ВОЈШАНЦИ<br>БИСТРЕНЦИ<br>КУРИЈА | | | |
| | 1 | 48 ден. | 70 ден. |
| | 2 | 45 | 65 |
| | 3 | 42 | 60 |
| | 4 | 40 | 55 |
| | 5 | 38 | 50 |
| | 6 | 34 | 40 |
| | 7 | 30 | 35 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 8 | 28 | 30 |

ВТОРА ГРУПА

| КО | КЛАСА | Вредност по метар квадратен | |
|---|---|---|---|
| | | ниви | лозја(овоштарник) |
| ТРЕМНИК<br>Ц.БРЕГОВИ<br>Д.ДИСАН<br>ЏИДИМИРЦИ<br>ГОРНИ ДИСАН<br>ВЕШЈЕ | | | |
| | 1 | 38 ден. | 58 ден. |
| | 2 | 35 | 56 |
| | 3 | 30 | 52 |
| | 4 | 28 | 50 |
| | 5 | 20 | 45 |
| | 6 | 18 | 35 |
| | 7 | 16 | 30 |
| | 8 | 12 | 25 |

ТРЕТА ГРУПА

| КО | КЛАСА | Вредност по метар квадратен | |
|---|---|---|---|
| | | ниви | лозја(овоштарник) |
| БРУСНИК<br>ЛИПА<br>КАЛАЊЕВО | | | |
| | 1 | 18 ден. | 36 ден. |
| | 2 | 16 | 32 |
| | 3 | 14 | 30 |
| | 4 | 12 | 26 |
| | 5 | 12 | 26 |
| | 6 | 12 | 24 |
| | 7 | 12 | 24 |
| | 8 | 10 | 20 |

ЧЕТВРТА ГРУПА

| КО | КЛАСА | Вредност по метар квадратен | |
|---|---|---|---|
| | | ниви | лозја(овоштарник) |
| ПЕШТЕРНИЦА<br>ШЕОБА<br>ЈАНОШЕВО | | | |
| | 1 | 14 ден. | 24 ден. |
| | 2 | 12 | 20 |
| | 3 | 10 | 16 |
| | 4 | 10 | 16 |
| | 5 | 10 | 16 |
| | 6 | 10 | 16 |
| | 7 | 10 | 16 |
| | 8 | 10 | 16 |

Член 5

Земјиштата во вид на ПАСИШТА и НЕПЛОДНО се вреднуваат исто како нива од 7 класа во соодветната катастарска општина, а ШУМИТЕ се вреднуваат исто како нивите од соодветната катастарска општина.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-197/7
11.03.2020 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
Претседател

Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

Се објавува **Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 11.03.2020 година.

Бр.09-213/6
12.03.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ број 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ број 3/06, 2/2011 и 09/11, 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 11.03.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

Член 1

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и усогласување на намена на бесправно изградени објекти кои треба да се вклопат со поединечни зони според намената на земјиштето и општиот режим на градење и употреба.

Член 2

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација , дел од КП бр. 729/3, КО Курија – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект означен со број на зграда 1 со намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија, (според геодетски елаборат бр. 0703/990 од 04.08.2011 година).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино“.

бр.08-197/8
11.03.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л,**
**Диме Витанов с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за доделување на користење на просторија во објект на СРЦ МЛАДОСТ Неготино на Стрелачки клуб МАРШАЛ Неготино**

Се објавува **Одлука за доделување на користење на просторија во објект на СРЦ МЛАДОСТ Неготино на Стрелачки клуб МАРШАЛ Неготино** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 11.03.2020 година.

Бр.09-213/7
12.03.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 11.03.2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За доделување на користење на просторија во објект на СРЦ МЛАДОСТ Неготино на Стрелачки клуб МАРШАЛ Неготино**

**Член 1**

На Стрелачки клуб МАРШАЛ Неготино се доделува една просторија на користење во облект на СРЦ Младост Неготино .

Погореопишаната просторија се дава на користење на неопределено време без надомест.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-197/9
11.03.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

# СОДРЖИНА
## Службен гласник бр. 5/2020

**1.** Заклучок за објавување на Одлука за донесување на конечен предлог план за измена на ДУП за една градежна парцела за изградба на

објект за домување во станбени куќи за ГП бр. 107( КП 11265/8) , УЗ 5, УБ 5.1, КО Неготино, општина Неготино

**2.** Одлука за донесување на конечен предлог план за измена на ДУП за една градежна парцела за изградба на објект за домување во станбени куќи за ГП бр. 107( КП 11265/8) , УЗ 5, УБ 5.1, КО Неготино, општина Неготино

3. Заклучок за објавување на Одлука за донесување на конечен предлог за измена на ДУП за една градежна парцела ГП бр. 4 ( КП 10165/1), УРБАНА ЗАЕДНИЦА 4, УРБАН БЛОК 4.2 КО Неготино, општина Неготино
4. Одлука за донесување на конечен предлог за измена на ДУП за една градежна парцела ГП бр. 4 ( КП 10165/1), УРБАНА ЗАЕДНИЦА 4, УРБАН БЛОК 4.2 КО Неготино, општина Неготино
5. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот по завршна сметка на ЈКП Комуалец Неготино за 2019 година
6. Заклучок за усвојување на Извештајот по завршна сметка на ЈКП Комуалец Неготино за 2019 година

7.Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка на Буџетот на општина Неготино за 2019 година

8. Заклучок за усвојување на Годишна сметка на Буџетот на општина Неготино за 2019 година

9. Заклучок за објавување на Правилник за постапката и критериумите за утврдување на пазарна вредност на земјишта и утврдување просечни цени на градежно и земјоделско земјиште

10. Правилник за постапката и критериумите за утврдување на пазарна вредност на земјишта и утврдување просечни цени на градежно и земјоделско земјиште

11. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација
12. Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација
13. Заклучок за објавување на Одлука за доделување на користење на просторија во СРЦ МЛАДОСТ НА Стрелачки Клуб МАРШАЛ Неготино
14. Одлука за доделување на користење на просторија во СРЦ МЛАДОСТ НА Стрелачки Клуб МАРШАЛ Неготино